Уп. Бр.08-119/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од **БИГ Енергиа Холдингс Кфт**., со седиште е на ул. Марко 7.6 кат 8, 1055 Будимпешта, Унгарија преку Адвокатско друштво Апостолска Александровски и Партнери од Скопје, на седницата одржана на ден 06.09.2023 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која **БИГ Енергиа Холдингс Кфт**., со седиште е на ул. Марко 7.6 кат 8, 1055 Будимпешта, Унгарија, *има намера да стекне самостојна контрола над* Друштвото за производство трговија и услуги **ДАМ ЕНЕРЏИ ДОО Скопје**, со регистрирано седиште на ул. Иван Аговски бр.11-1/10, Скопје, преку купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на ден 09.08.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од **БИГ Енергиа Холдингс Кфт**., со седиште е на ул. Марко 7.6 кат 8, 1055 Будимпешта, Унгарија, со која **БИГ Енергиа Холдингс Кфт** *има намера да стекне самостојна контрола над* Друштвото за производство трговија и услуги **ДАМ ЕНЕРЏИ ДОО Скопје**, со регистрирано седиште на ул. Иван Аговски бр.11-1/10, Скопје, преку купопродажба на удели

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**БИГ Енергиа Холдингс Кфт**. е во 100% сопственост на БИГ МЕГА ОБНОВЛИВА ЕНЕРГИЈА ДОО (во понатамошниот текст "БИГ").

БИГ е енергетско друштво кое е независен производител на енергија и работи во Израел, Романија, Босна и Херцеговина, Србија и Северна Македонија. Друштвото е подружница на 2 јавни друштва, БИГ СХОППИНГ ЦЕНТЕРС Лтд. и МЕГА од кои двете друштва котираат на берзата во Тел Авив.
Во изминатите години БИГ преку БИГ Енергиа Холдингс Кфт. почна да инвестира во секторот на електрична енергија преку купување на удели односно цели друштва, и/или преку развивање на сопствени проекти.

БИГ Енергиа Холдингс Кфт. има регистрирано присуство во Северна Македонија преку:

- Друштвото за производство на електрична енергија **БИГ МЕГА МАКЕДОНИЈА – ШТИП СОЛАР ОНЕ ДООЕЛ Скопје**, со седиште на ул. Дебарца бр.20, Скопје, кое како основна дејност има регистрирано производство на електрична енергија.

- Друштвото за производство, трговија и услуги **БИГ МЕГА МЕНАЏМЕНТ ДООЕЛ Скопје**, со седиште на ул. Наум Наумовски – Борче бр.40 кат 5 лок.8, Скопје кое како основна дејност има регистрирано управувачки дејности

- **БАКА ЕНЕРЏИ ДОО Скопје и ЧАШИЦА СОЛАР ДОО Скопје**., двете со едиште на ул.Дебарца бр.20, Скопје, а како основна дејност имаат регистрирано производство на електрична енергија.
- **СКАЈ СОЛАР ДООЕЛ Скопје.** со регистрирано седиште на ул. Иван Аговски бр.11-1/10, Скопје а како основна дејност има регистрирано производство на електрична енергија.

**ДАМ ЕНЕРЏИ ДОО Скопје** е друштво со ограничена одговорност чија регистрирана приоритетна дејност е производство на електрична енергија. Друштвото сеуште е во фаза на развој на проектот за изградба и обезбедување на сите потребни лиценци на централа за производство на електрична енергија од соларни панели- фотоволтаици, и сеуште нема започнато со производство на електрична енергија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на

Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 в) i) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**